20250881944

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 април 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/19, 236/19, 53/21, 175/21, 257/21, 67/22, 81/22, 206/22, 43/23, 123/23, 223/23, 82/24, 188/24 и 26/25), во членот 3 став (1) во алинејата 2 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- организирање на саеми од областа на земјоделството и руралниот развој за промоција на производи од територијата на Република Северна Македонија од страна на земјоделски производители кои се утврдени со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и”.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- организирање на саеми од областа на земјоделството и руралниот развој за промоција на производи од територијата на Република Северна Македонија од страна на единиците на локална самоуправа кои се утврдени со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.“.

Во ставот (2) во алинејата 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 5 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и”.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- патни трошоци за учество на саем организиран од единиците на локална самоуправа за учество на општините во износ не повисок од 30.000 денари по корисник.“.

Во ставот (4) во алинејата 2 сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 3 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и”.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- 4.800.000 денари за поддршката од ставот (1) алинеја 4 на овој член.“.

Член 2

Во член 4 ставот (5) се менува и гласи:

„Субјекти кои можат да учествуваат во постапката за доделување на средства за техничката поддршка од ставот (1) алинеја 1 на овој член се Министерството во соработка со економските партнери, запишани во евиденцијата во Министерството, преку поднесена пријава за учество до организаторот на саемската манифестација/саемот.“.

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Корисници на техничката поддршка и субјекти кои можат да учествуваат во постапката за доделување на средства за техничката поддршка од став (1) алинеја 2 на овој член се економските партнери, запишани во евиденцијата во Министерството.“.

Член 3

Во член 5 став (1) во алинејата 9 зборовите „воспоставување на веб-страницата за органска храна www.organskahrana.mk, воспоставување на веб-страницата за мали производители на вино www.malivinarii.mk“ се заменуваат со зборовите „воспоставување и активности на веб-страницата за органска храна www.organskahrana.mk, воспоставување и активности на веб-страницата за мали производители на вино www.malivinarii.mk“.

Член 4

Во член 10 став (1) во алинејата 19 по зборот „одводнување“ се додаваат зборовите „и заштита од природни непогоди“.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3264/14
29 април 2025 година
Скопје

Претсетадел на комисија и
Заменик нУа претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.